


# PINOT NOIR 2017

Ова суво црвено вино е добиено од внимателно селектирани гроздови од сортата Pinot Noir. Виното се карактеризира со нежна рубин црвена боја. Мирисот е впечатлив, пред сé овошен, открива ароми на малина, брусница и вишна. Вкусот е средно полн, елегантен, со испреплетени ароми на црвено овошје и сладок корен. Созревањето во буриња од американски и француски даб во тек на 15 месеци му дава на ова вино дополнителна структура и зачински ноти на каранфилче и дим, завршувајќи со долг послевкус. Виното се одликува со одлична хармоничност и меки сомотести танини кои му овозможуваат капацитет за неколкугодишно созревање во шише.

Ова вино одлично се комбинира со специјалитети од димен лосос, пате од гуска, или со одбрани меки сирења.

Препорачана температура на послужување: 13-15°C.
Алкохол: 13% Vol. Полнето: Мај 2019